Драган ЃОРЃЕВ

# АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЗДРАВЈЕ И ЖИВОТНА СРЕДИНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДО 2030: РАМКА ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

## Вовед

Република Македонија има сериозни проблеми во управувањето со состојбите и ризиците во животната средина. Општите движечки сили и притисокот врз животната средина како и трошењето на природните ресурси се на загрижувачко ниво. Негативниот тренд на демографските движења во правец на градските населби носи дополнителен притисок покрај процесите на индустријализација, урбанизација и моторизација. Производството на енергија со фосилни горива и сообраќајот се меѓу главните извори на загадување.

Сите медиуми на животната средина се загрозени почнувајќи пред сѐ од амбиентниот воздух, а регистрирани се и високи нивои на бучава, несоодветен третман на цврстиот и течен отпад, повеќето историски но и актуелни индустриски жечки точки со нерешен статус и секако притисокот и ризиците кои ги носат климатските промени.

*Авторот е советник на Директорот на Институтот за јавно здравје на Република Македонија и професор по јавно здравје, Медицински факултет, Скопје*

## Стратегија и Акциски план

Процесот за изготвување на стратешки документи за справување со состојбите во релацијата на здравје и животна средина во Република Македонија започна 2013 година, на иницијатива и барање на Министерството за здравство и со стручно-техничка помош на Светската здравствена организација. По иницијалниот документ со приказ на состојбите и проценетите подрачја за акции, процесот продолжи со вклучување на интерсекторски работни групи составени од претставници на јавната администрација, стручни и академски експерти и институции од сите релевантни подрачја на овој мултисекторски и мултимедијален проблем, како и граѓанското општество. Со овој пристап и метод на јавна расправа и приказ на постојните докази, со примена на концептуалниот модел на Движечки сили-притисок и акција беа дефиниран приоритетните подрачја за делување, во функција на нивна натамошна разработка (владеење и политики за заштита на животната средина и здравјето, загадување на воздух, азбест, радон и бучава, управување со отпад и климатски промени, вода и санитација, безбедна храна и почва, хемикалии и жешки точки).

## Рамка за мониторинг и евалуација

Еден од клучните сегменти на целиот стратешки процес е следење на прогресот во предвидените акции и нивна повремена евалуација. Овој процес вклучува систематско прибирање и анализа на показатели и информации за предвидените програмски, проектни и други активности, што пак ќе служи како основа за нивно оценување и креирање на политиките.

Овој процес помеѓу другото: овозможува увид до која мерка зацртаните стратегии ги исполнуваат целите и водат кон посакуваните резултати а на донесувачите на одлуки им обезбедуваат јасна основа за носење на правилни политики и носи поголема транспарентност и отчетност во однос на употребата на ресурси во имплементацијата на проектите и програмите.

Во текот на 2015-2016 година одржани се неколку работилници на кои веке утврдените интерсекторски работни групи ја оформија и рамката за мониторинг и евалуација на акциите предвидени во Акцискиот план за здравје и животна средина на Република Македонија до 2020 година. Овој план содржи пакет на интерсекторски акции со различна

структура и временска динамика. Според структурата и карактерот акциите од Планот се категоризирани на: а) политички и законски мерки, б) инфраструктурни инвестиции, в) мониторинг активности, г) едукација, тренинг и промотивни акции и д ) друг тип акции.

Додека при евалуацијата два клучни критериуми се оцена на ефикасноста на превземените акции (дали тие носат одредени резултати и прогрес) и нивната кост-ефективност, т.е. дали и кога се манифестираат позитивните ефекти по здравјето и животната средина и по која цена, во функција на **мониторингот** направена е селекција на одредени индикатори за следење на прогресот и тоа: дескриптивни (покажуваат што се случува во областа во која се превземаат мерките), индикатор на перформанси (дали и колку е важен прогресот во досега преземните активности, дали одиме кон целта која е зацртана во Акцискиот план), индикатор на ефикасност (кванитификација на постигнатиот прогрес во акциите), индикатор за ефективност на политиките-превземените акции (дали мерките навистина даваат резултати-ефекти и кои се тие) и конечно индикатор на *општата благосостојба* (дали со превземените акции нашата општа физичка и ментална состојба е подобрена) во кој покрај здравјето ќе се следи и унапредувањето на условите за живот и благосостојбата на граѓаните. Согласно стратешката определба, еден од водечките критериуми при мониторингот и класификацијата на акциите и индикаторите е рамката на движечки сили-притисок-состојба-изложеност-ефекти и акции (DPSEAA). Таков тип на индикатори работните групи оформија за сите предвидени акции во планот со напомена и дали истиот индикатор има директна или индиректна поврзанист со акцијата и дали е истиот достапен и во која национална или меѓународна база на податоци и информации во земјата и вон неа.

**Евалуацијата** на постигнатиот прогрес на акциите ќе се врши на средина и на крај на предвидениот програм а ќе се состои од политичка, социјално-економска и стручно-научна евалуација. Истата на крај ќе се објави на веб странаta, публикува и транспарентно ќе се изнесе на јавна расправа.

## Поврзување со Одржливите развојни цели (ОРЦ)

На иницијатива на Светската здравствена организација, во текот на 2016 година, работните групи извршија поврзување на предвидените акции во Акцискиот план и оформените индикатори за следење на прогресот, со објавените 17 Одржливи Развојни Цели и

подцели (од Агендата 2030) и повеќето од 200 Индикатори. Утврдено е дека во овие цели Директна здравствена цел е ОРЦ 3 - Да се осигурат здрави животи и да се промовира добросостојба за сите, на сите возрасти, а за 12 цели е утврдена индиректна поврзаност со поширокатa група на детерминанти на здравје и Крај на сиромаштија, Крај на гладот, безбедност на храна и нутриција, Еднаквост на половите и еманципација на жените и девојчињата, Вода и санитација, Вработување, Намалување на нееднаквости Одржливи, Отпорни и инклузивни градови и населби, Одржлива потрошувачка и производтство, Климатски промени, Промоција на мирни и инклузивни општества за одржлив развој, Ревитализација на глобалното партнерство.

Работните групи ги дополнија табелите на акции во сите одбрани приоритетни области на Акцискиот план и со соодветните ОРЦ, индикатори и подиндикатори кои имаат директна и/или индиректна релација со конкретната акција.

## Следни чекори

Во периодот којследи потребно е воспоставување на механизам и процес на спроведување на мониторингот и евалуацијата - преку назначени структури на административен, стручен и научно-истражувачки кадар од соодветен интерсекторски состав со централно тело на национално ниво за двата процеса и посебни интерсекторски и интердисциплинарни тела за посебни тематски подрачја. На назначувањето на овие тела ќе им претходи период на мапирање и воспоставување регистер на стручни и академски профили компетентни за соодветните подрачја. (Шема1)

Шема 1. Мониторинг на Стратегијата




**Евалуацијата** на постигнатиот прогрес на акциите ќе се врши на средина и на крај на предвидениот програм а ќе се состои од политичка, социјално-економска и стручно-научна евалуација. Истата на крај ќе се објави на веб страната, публикува и транспарентно ќе се изнесе на јавна расправа. (шема 2)

Шема 2. Евалуација на Стратегијата



## Резиме

Република Македонија има сериозни проблеми во управувањето со состојбите и ризиците во животната средина. Општите движечки сили и притисокот врз животната средина како и трошењето на природните ресурси се на загрижувачко ниво. Негативниот тренд на демографските движења во правец на градските населби носи дополнителен притисок покрај процесите на индустријализација, урбанизација и моторизација. Производството на енергија со фосилни горива и сообраќајот се меѓу главните извори на загадување.

Во таа насока, изработена е Стратешка рамка за здравје и животна средина со акциски план до 2030 година, во која е вграден детален план за мониторинг и евалуација, со цел соодветно следење на напредокот во подобрувањето на животната средина како фактор на подобро здравје.

## Референци

1. Министерство за здравство (2016). Стратешка рамка за здравје и животна средина со акциски план до 2030 година, достапно на: http://zdravstvo.gov.mk/health_2020/